Врз основа на член 20 од Законот за рамномерен регионален развој на РМ ("Службен весник на РМ" 63/2007), Советот за развој на Пелагонискиот плански регион на седницата одржана на ден 28.02.2013 година усвои

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2012 ГОДИНА




**февруари, 2013 година**

**Битола**

## СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| 1. | ВОВЕД | 4 |
| 1.1 | Контакт податоци на ЦРППР | 4 |
| 2. | СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ | 5 |
| 2.1 | Раководител | 5 |
| 2.2 | Администрација | 5 |
| 3. | СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН | 5 |
| 3.1 | Четиринаесетта Седница на СРППР | 6 |
| 3.2 | Петнаесетта Седница на СРППР | 7 |
| 4. | ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2012 ГОДИНА | 7 |
| 4.1 | Проекти кои ќе се реализираат со финансиска поддршка на Биро за рамномерен регионален развој на РМ (БРР) | 8 |
| 4.2 | Проекти кои се поднесени до Биро за рамномерен регионален развој на РМ за 2013 година | 9 |
| 4.3 | Аплицирани проекти во 2012 година до фондовите на Европската Унија | 10 |
| 4.4 | Аплицирани проекти во 2012 година до билатерални донатори | 11 |
| 4.5 | Аплицирани проекти на Национални Програми (линиски министерства | 12 |
| 4.6 | Одобрени проекти пред 2012 година кои ЦРППР продолжи да ги реализира во 2012 година | 13 |
| 5. | ДРУГИ АКТИВНОСТИ ЗА 2012 ГОДИНА | 14 |
| 5.1 | Студиски патувања | 14 |
| 5.2 | Јакнење на капацитетите | 14 |
| 5.3 | Логистички активности | 17 |
| 5.4 | Други активности | 18 |
| 5.4.1 | Координативни состаноци | 18 |
| 5.4.2 | Тематска работилница во Тирана | 19 |
| 5.4.3 | Годишна Конференција на ЕАЗА | 19 |
| 5.4.4 | Отворени Денови на Градови и региони | 19 |
| 5.4.5 | Седница на Комисија за меѓуопштинска соработка | 20 |

5.4.6 Техничка Работна Група на НСРРР........................................................ 20
5.4.7 Соработка GIZ RED и SDC.................................................................. 21
5.4.8 Државен завод за ревизија.................................................................. 21
5.4.9 Заеднички Комитети за Мониторинг на Програми (ЗКМ)..................... 22
5.4.10 Подготовка на годишни извештаи........................................................ 23
6. ЧЛЕНСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ........................................ 23
7. ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА....................................... 24

# 1. ВОВЕД

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион (ЦРППР) со својство на правно лице е основан на 25.07.2007 година, од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Пелагонискиот плански регион (Битола, Прилеп, Крушево, Ресен, Демир Хисар, Новаци, Могила, Кривогаштани и Долнени).

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион е единица на локалната самоуправа со делокруг на работа утврден во Законот за рамномерен регионален развој (Сл.Весник бр.63/07).

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион официјално отпочна со работа на 04.03.2010 година по назначувањето на Раководител и отворањето на канцеларијата.



## 1.1 Контакт податоци на ЦРППР

Седиштето на Центарот за развој на Пелагонискиот планскиот регион е на улица „Томаки Димитровски" бр. 7, 7000 Битола, п. фах 223. Телефон +389 47 232 800, факс +389 47 203 818. Официјална е-пошта: info@pelagonijaregion.mk. Веб страната на ЦРППР е www.pelagonijaregion.mk

## 2. СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ

### 2.1. Раководител

Раководител  на ЦРППР за периодот 2010 – 2014 година е г-ѓа Емилиа Ѓероска.

### 2.2 Администрација

Администрацијата на ЦРППР е поделена на три одделенија кои извршуваат специфични задачи во функција на регионалниот развој:

1. Одделение за општи и административни работи, финансии и јавни набавки;

2. Одделение за меѓуопштинска соработка и регионален развој;

3. Одделение за имплементација на проекти и меѓународна соработка.

Во ЦРППР се вработени пет лица од кои: Раководител на ЦРППР, тројца раководители на одделенија и еден хигиеничар. Раководителот на ЦРППР и раководителите на одделенијата се со постојан работен однос а хигиеничарот е вработен на определено време од една година.

Канцеларијата за работа е обезбедена од Општина Битола и располага со целокупен инвентар и ИТ опрема на ниво кое е во согласност со современите барања за успешно функционирање на институцијата. За користењето на отстапениот простор, ЦРППР на  Општина Битола и плаќа соодветен износ на име наемнина.

## 3. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во периодот јануари – декември 2012 година ги подготви и организира четиринаесетта и петнаесеттата седница на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион.

### 3.1. Четиринаесетта седница на СРППР

Четиринаесеттата седница се одржа на 28.02.2012 година во Битола и на истата Советот за развој на Пелагонискиот плански регион работеше по следниот дневен ред:

1. Разгледување и усвојување на Записникот од тринаесетата седница на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион;
2. Информација за предлог проектите кои ќе бидат поднесени на отворениот повик од страна на Бирото за регионален развој;
3. Утврдување на конечната листа на проекти кои ќе бидат поднесени во Бирото за регионален развој;
4. Разгледување и усвојување на завршната сметка на ЦРППР за 2011 година;
5. Разгледување и усвојување на годишниот финансиски извештај на ЦРППР за 2011 година;
6. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работењето на ЦРППР за 2011 година;
7. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за спроведувањето на програмата на Пелагонискиот регион 2010-2015;
8. Информација за статусот на имплементирани, аплицирани и добиени проекти на ЦРППР;
9. Информација за одобрениот проект FIRESHIELD и координација за отпочнување на истиот;
10. Информација за одобрениот проект од Јапонска амбасада со наслов: ,,Изградба на хидрантска мрежа во Пелагонија";
11. Информација за статусот на вработените во ЦРППР согласно барањето на Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за локална самоуправа;
12. Информација за отворање на бизнис инкубатор и деловен центар во рамките на Центрите за развој;
13. Информација за статусот и постапката за воспоставување на регионален систем за интегрирано управување со цврст отпад во Пелагонискиот регион;
14. Разно.

### 3.2. Петнаесетта седница на СРППР

Петнаесеттата седница на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион се одржа на 29.11.2012 година во Битола и на истата СРППР работеше по следниот дневен ред:

1. Презентација на претставници од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање за измените во Законот за управување со отпад;
2. Формирање на Регионалниот одбор за управување со отпад во Пелагонискиот регион;
3. Формирање на оперативни (технички) служби во Регионалниот одбор
4. Усвојување на годишниот Акционен план за 2013 година на Пелагонискиот регион;
5. Усвојување на годишна листа на предлог-проекти за развој на Пелагонискиот регион за 2013 година;
6. Усвојување на годишниот финансиски план на Центарот за развој на Пелагониски регион за 2013 година;
7. Информација за имплементирањето на добиениот проект FIRESHIELD од програмата за прекугранична соработка помеѓу Македонија-Грција;
8. Информација за одобрениот проект ЗОО ИНОВАТИВА од програмата за прекугранична соработка помеѓу Македонија – Грција;

## 4. ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2012 ГОДИНА

Реализираните активности во 2012 година од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион се во согласност со целите и приоритеите на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион 2010-2015 година, донесена од страна на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион како и листата на приоритетни проекти за 2012 година.

**4.1 Проекти кои ќе се реализираат со финансиска поддршка на Биро за рамномерен регионален развој на РМ (БРР)**

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во кооординација со деветте единици на локалната самоуправа кои припаѓаат на регионот согласно Програмата за развој, ја подготви листата со приоритетни проекти од регионално значење за 2012 година и истата беше усвоена на четиринаесеттата седница на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион одржана на 28.02.2012 година.

На 06.11.2012 година во Скопје, Директорот на Бирото за регионален развој на РМ г-дин Џемаил Елмази и Директорката на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион г-ѓа Емилиа Ѓероска потпишаа договор за реализација на следните проекти во Пелагонискиот плански регион:

| Р.б. | Назив на проект | Статус на проектот заклучно со 28.02.2013 |
|---|---|---|
| 1. | Реконструкција на живеалиште за нилски коњ во Зоолошка градина Битола | Во фаза на реализација |
| 2. | Изработка на техничка документација за изведба на водовод за индустриска зона Макази во Општина Ресен за дистрибутивен центар | Во фаза на реализација |
| 3. | Изградба на тротоар на магистрална сообраќајница во Општина Кривогаштани кон Општина Крушево | Во фаза на реализација |
| 4. | Реализација на проект за заштита (физичка и биохемиска) на регионален природен извор Дебреште | Во фаза на реализација |
| 5. | Изработка на ЛУПД за индустриска зона Петилеп, Општина Могила | Во фаза на реализација |
| 6. | Изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на туристичко рекреативен комплекс Големо Илино во општина Демир Хисар | Во фаза на реализација |

## 4.2 Проекти кои се поднесени до Биро за рамномерен регионален развој на РМ за 2013 година

Согласно законската регулатива, на 15-тата седница на СРППР беше усвоена листа со приоритетни проекти за регионален развој во 2013 година. ЦРППР за проектите кои беа дел од таа листа разви проектни апликации кои ги достави до БРР.

| Р.б. | Назив на проект | Статус на проектот заклучно со 28.02.2013 |
|---|---|---|
| 1. | Подобрување на сообраќајната поврзаност помеѓу општините Новаци, Битола и Могила | Во фаза на евалуација |
| 2. | Изградба на регионална мото-крос патека | Во фаза на евалуација |
| 3. | Изработка на проект за инфраструктура- цевковод за водоснабдување на индустриска зона Петилеп- општина Могила од градски водовод на општина Битола | Во фаза на евалуација |
| 4. | Прва фаза: Изградба на јавен паркинг за сточен пазар во општина Кривогаштани (за потребите на: Кривогаштани, Долнени, Прилеп, Демир Хисар, Крушево). | Во фаза на евалуација |
| 5. | Адаптација на објект од историско и културно значење во Пелагонискиот регион - Спомен-простор на Петре М. Андреевски | Во фаза на евалуација |
| 6. | Имплементација на законската регулатива за категоризација на туристичко-угостителски објекти во Пелагонискиот регион | Во фаза на евалуација |
| 7. | Втора фаза: Партерно уредување на регионален природен извор во н.м. Дебреште, општина Долнени | Во фаза на евалуација |
| 8. | Патокази кон потпелистерските села за унапредување и промоција на туристичките потенцијали на општина Битола и Ресен | Во фаза на евалуација |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Проект за хортикултурно уредување на црквата "Св. Ѓорѓи" во село Курбиново, општина Ресен | Во фаза на евалуација |
| 10. | Оплеменување на платото и влез на Национална установа “Центар за култура Битола” со регионално значење за општините: Битола, Могила, Новаци | Во фаза на евалуација |

### 4.3 Аплицирани проекти во 2012 година до фондовите на Европската Унија

| Р.б. | Назив на проект | Поднесен до | Статус на проектот заклучно со 28.02.2013 |
|---|---|---|---|
| 1. | Инвестирање во регионалната конкуретност | ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Албанија | Одбиен |
| 2. | Прекугранична биодиверзитетна Градина | ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Албанија | Одбиен |
| 3. | Одржлив развој на животната средина во прекуграничниот регион Пелагонија-Корча преку подобрување на енергетската ефикасност | ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Албанија | Одбиен |
| 4. | Промоција на прекуграничниот идентитет преку заеднички иницијативи за културен развој | ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Албанија | Одбиен |
| 5. | 565.000 минути култура во прекуграничниот регион Пелагонија-Корча | ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Албанија | Одбиен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Иновативни едукативни програми за зајакнување на на ресурсите на животната средина во прекуграничниот регион Пелагонија/Лерин – Зоо Иноватива | ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Грција | Одобрен |
| 7. | Прекугранични менаџери и претприемачи | ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Грција | Одбиен |
| 8. | Во потрага по трагите на заедничката историја | ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Грција | Одбиен |
| 9. | Одржлив менаџмент на туристичка дестинација | ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Грција | Одбиен |

## 4.4 Аплицирани проекти во 2012 година до билатерални донатори

Согласно програмските определби и приоритетите дефинирани во Програмата за разој на Пелагонискиот плански регион 2010-2015 година, Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион изработи предлог проекти и аплицираше за финансиска поддршка на следните проекти:

| Р.б | Име на проектот | Поднесен до | Статус на проектот заклучно со 28.02.2013 |
|---|---|---|---|
| 1. | Воведување на ЕУ ЛЕАДЕР пристапот во Пелагонискиот регион | Карана Корпорација – Проект за експанзија на мали бизниси | Одобрен и во фаза на реализација |
| 2. | Воведување на волонтерски систем во Зоолошката Градина во Битола | Холандска Амбасада во РМ | Одобрен и реализиран |
| 3. | Активна младина - активен развој | Норвешка Амбасада | Одбиен |
| 4. | 565.000 минути култура во Пелагонискиот регион | УНЕСКО | Одбиен |

### 4.5 Аплицирани проекти на Национални Програми (линиски министерства)

| Р.б | Име на проектот | Поднесен до | Статус на проектот заклучно со 28.02.2013 |
|---|---|---|---|
| 1. | Децентрализирана соработка помеѓу регионот Пелагонија и регионот Долна Нормандија (Регионален Ден на културата во Пелагонија) | Министерство за култура (Програма за меѓународна соработка) | Одобрен и реализиран |
| 2. | Втор регионален ден на културата во Пелагонија | Министерство за култура (Програма за меѓународна соработка) | Одбиен |
| 3. | Подигнување на свеста на населението во руралните средини во Пелагонискиот регион за искористување на биомаса за добивање на енергија | Министерство за животна средина | Во фаза на евалуација |
| 4. | Едукативна програма за штетните влијанија на издувните гасови и начините | Министерство за животна средина | Во фаза на евалуација |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за намалување на загадувањето на амбиентниот воздух во Пелагонискиот регион. | | |

**4.6 Одобрени проекти пред 2012 година кои ЦРППР продолжи да ги реализира во 2012 година**

| Р.б | Име на проектот | Поднесен до | Статус на проектот заклучно со 28.02.2013 |
|---|---|---|---|
| 1. | Изградба на хидрантска мрежа во Пелагонискиот регион | Јапонска амбасада | Во фаза на реализација |
| 2. | План за прекугранична заштита од пожари - FIRESHIELD | ИПА Програма за прекугранична соработка Македонија-Грција | Во фаза на реализација |
| 3. | Децентрализирана соработка помеѓу регионот Долна Нормандија и Република Македонија | Регионот Долна Нормандија, Француското Министерство за надворешни работи и Асоцијацијата на агенции за локална демократија | Во фаза на реализација |

## 5. ДРУГИ АКТИВНОСТИ ЗА 2012 ГОДИНА

### 5.1 Студиски патувања

Претставник на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион на покана на регионот Долна Нормандија – Р.Франција од 26 јуни – 30 јуни 2012 година беше дел од студиското патување на кое беа разменети искуства на повеќе теми поврзани со регионалниот развој и развојот на културата. На ова студиско патување покрај претставникот на Центарот за развој на Пелагониски плански регион, присуствуваа и претставници на секторот култура во општините Ресен и Кривогаштани и програмски координатор од НВО Локомотива од Скопје. Конкретните теми кои беа предмет на средбите за време на посетата беа: Вкрстени погледи: надлежности и дијагностика во Пелагонија и во Земјата на Заливот, локални културни иницијативи, територијална распространетост и територијални надлежности - размена на искуства.

На покана на Програмата за регионален економски развој на ГИЗ во Македонија, во периодот 22.10 до 25.10.2012, претставник на ЦРППР беше во посета на ЕУ РЕГИА, Европски денови на регионите што се одржа во Лајпциг, Германија. Целта на посетата беше споделување на искуства со исти или сродни инстуции кои работат на проблематиката на регионалниот развој на европска територија, запознавање со современите текови и принципи на регионалниот развој како и поромоција на Пелагонискиот регион во интернационални рамки.

### 5.2 Јакнење на капацитетите

Следејќи ја определбата за континуирано вложување во човечките ресурси и развој институционален развој базиран на знаење, членовите на тимот на ЦРППР ја искористија секоја можност за да ги надградат сопствените капацитети. Стекнатите знаења и вештини ќе се користат во секојдневното работење и при реализацијата на зацртаните среднорочни и долгорочни цели.

Во продолжение е дадена листа на обуки посетени од страна на членовите на тимот на ЦРППР:

| Р.б. | Име Презиме | Тема на обука | Организатор | Датум и Место |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Бојан Бојкоски | Обука за спроведување на е - јавни набавки | АЦТ – ДОО Скопје | 24.01.2012 Скопје |
| 2. | Наташа Христова | Обука за спроведување на Е - јавни набавки | АЦТ – ДОО Скопје | 24.01.2012 Скопје |
| 3. | Емилиа Ѓероска | ЕУ Регионална Политика | СЕП | 12-16.03.2012 Брисел |
| 4. | Наташа Христова | Тренинг за успешно имплементирање на ЕУ проекти | ЗТС на ПГС Македонија - Грција | 15.03.2012 Битола |
| 5. | Рубин Николоски | Тренинг за успешно имплементирање на ЕУ проекти | ЗТС на ПГС Македонија - Грција | 15.03.2012 Битола |
| 6. | Бојан Бојкоски Наташа Христова | Постигнување на социјална и економска одржливост преку енергетска ефикасност на Централно и локално ниво | ГИЗ РЕД, Федерално министерство за екомија и развој на Германија, Центар за истражување и креирање на политики | 20.03.2012 Скопје |
| 7. | Рубин Николоски | Работилница за проект менаџмент и стратешко планирање | Локомотива, ЦРППР | 07-11.05.2012 година - Битола |
| 8. | Рубин Николоски | Работилница на тема Урбано планирање и менаџмент на земјиште | Светска банка | 19-20.06.2012 Албанија Тирана |
| 9. | Рубин Николски | Работна средба во рамкитет на програмата за децентрализиран соработка Долна | Локомотива | 26.06-30.06.2012 Франција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Нормандија Македонија | | |
| 10. | Бојан Бојкоски Наташа Христова | Еднодневна обука за јавни набавки | ПРЕДА | 28.06.2012 |
| 11. | Милена Димитровска | Работилница на Постојана работна група во прекуграничниот регион Преспа | Општина Ресен | 29.06.2012 |
| 12. | Бојан Бојкоски | Територијалниот ЛЕАДЕР пристап за Регионалниот рурален развој: стратегија, организација и финансирање | ГИЗ РЕД | 10-15.09.2012 Илок, Хрватска |
| 13. | Бојан Бојкоски/ Наташа Христова | Обука за јавни набавки за ресертификација | Биро за јавни набавки | 06.10.2012 Скопје |
| 14. | Бојан Бојкоски | Обука за јавни набавки | ПРЕДА | 22.10.2012 Битола |
| 15. | Бојан Бојкоски | Работилница за управување со отпад | ТАИЕХ -TAIEX | 31.10-02.11.2012 Скопје |
| 16. | Бојан Бојкоски | Обука за Децентрализација | Хаг Академија за Локална самоуправа | 10-19.12.2012 Хаг, Холандија |
| 17. | Рубин Николоски | Стратешко планирање | ГС на Влада на РМ и МЛС | 25.12.2012, Битола |

**5.3 Логистички активности**

Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион во соработка со Министерството за локална самоуправа и Генерален Секретаријат на Владата на РМ организираа обука за стратешко планирање на локално ниво. Обуката во Битола се одржа на 25 декември 2012 година во хотел "Милениум" во Битола.

Обуката беше наменета за вработените од општинските администрации во Пелагонискиот регион, кои работат во делот на стратешко планирање и буџет. Оваа активност е во рамките на мандатот на Центарот за развој на Пелагонискиот регион, односно во насока на давање на континуирана поддршка во развојот на општините основачи на оваа институција.

Во текот на 2012 година, тимот на Центарот за развој на Пелагонискиот регион го водеше процесот на подготовка на апликација за добивање на членство на Зоолошката Градина во Битола во Европската Асоцијација на Зоолошки Градини (ЕАЗА). Беше остварена директна комуникација со одговорните тела во оваа институција и беа добиени конкретни насоки за подготовка на апликацискиот пакет. По завршувањето на процесот на евалуација, апликацијата беше позитивно оценета и Зоолошката Градина доби статус на "потенцијален кандидат за членство – во фаза на реконструкција". Се очекува дека по завршувањето на транзициониот период од 5 години и исполнување на сите потребни стандарди и критериуми, Зоолошката Градина во Битола да стане полноправен член на оваа исклучително важна европска институција.

На барање на ЦРППР, Фондацијата НовоБизнис од Скопје изработи две Студии за подобрување на енергетската ефикасност за Општините Ресен и Демир Хисар. Студиите го опфатија јавното осветлување во овие општини, дадоа детален преглед на фактичката ситуација и конкретни насоки како ситуацијата да се подобри. Студиите содржат и финансики дел кој дава јасни насоки за типот и количината на инвестиции кои овие општините треба да ги превземат за да дојдат до посакуваните заштеди преку зголемување на енергетската ефикасност во јавното осветлување.

Почнувајќи од 01.01.2013 година, ЦРППР и Фондација НовоБизнис ќе започнат со имплементирање на дел од актинвостите во проектот „Енергетски Ефикасна Локална Самоуправа", кој воедно претставува надградување на активностите кои беа

имплементирани со проектот “Енергетски ефикасни услуги на локално ниво”. Проектните активности кои треба да се реализираат со овој проект предвидуваат активна соработка на Фондацијата Ново Образование за Бизнис со центрите за развој на планските региони во Р. Македонија и голем број на општини. Првите активности кои беа превземени во рамките на проектот беа мерења на степенот на енергетска ефикасност во јавните објекти во три Пелагониски општини: Долнени, Новаци и Могила. Врз база на податоците добиени од мерењата, група од експерти ќе изработи Студија за секоја од трите вклучени општини за подобрување на енергетската ефикасност во јавните објекти со кои тие располагаат.

### 5.4 Други активности

#### 5.4.1 Координативни состаноци

Претставник на тимот на ЦРППР присуствуваше на Координативен состанок помеѓу Министерството за локална самоуправа (МЛС), Министерството за транспорт и врски (МТВ), Проектот за Регионален економски развој на ГИЗ во Македонија и Центрите за развој на планските региони во РМ во планирањето и поддршката на регионалниот развој при Владината комисија за поттикнување и следење на меѓуопштинската соработка во Р. Македонија.

Координативниот состанок се одржа во Скопје на 03.05.2012 а неговата цел беше институционално запознавање и препознавање на Центрите за регионален развој како оперативна структира која е директно задолжена за имплементација на политиките за регионалниот развој во РМ.

Претставник на тимот на ЦРППР учествуваше и на Координативен состанок меѓу Министерството за локална самоуправа (МЛС), Министерството за култура (МК) и Центрите за развој на планските региони во РМ (ЦРР) во планирањето и поддршката на регионалниот развој. Состанокот се одржа во Скопје на 05.06.2013 година. Целта на состанокот беше запознавање со правната и институционална рамка на политиката за рамномерен регионален развој (РРР) во РМ, размена на информации за тековните програми за поддршка и други можности за финансирање на проекти на регионално/ локално ниво како и подобрување на меѓусебната координација при планирањето и поддршката на регионалниот развој во Република Македонија.

### 5.4.2 Тематска работилница во Тирана

Вработен во ЦРППР во текот на јуни 2012 година учествуваше на тематска работилница "Општинско урбано планирање и управување со земјиште" што се одржа во главниот град на Република Албанија, Тирана. Целта на настанот беше да се споделат искуства од сите држави во Западен Балкан во делот на урбаното планирање, надлежностите кои единиците на локалните самоуправи ги имаат при урбаното планирање, да се разгледаат евентуалните слабости на воспоставените системи, правила и процедури во овој сегмент како и да се предложат конкретни чекори за подобрување на состојбите во урбаното планирање и постоечките надлежностите на локално ниво. Иако од страна на организаторот на работилницата и ЦРППР уредно беа поканети сите општини во Пелагонија, на работилницата учествуваа само претставници на Општина Долнени. По завршувањето на работилницата сите заклучоци, препораки и работни материјали беа проследени до администрациите на сите општини во Пелагонискиот регион. Настанот беше во организација на Светска Банка и организацијата Co-Plan од Албанија.

### 5.4.3 Годишна Конференција на ЕАЗА

Претставник на ЦРППР заедно со Директорот на Зоолошката Градина од Битола учествуваше на Годишната Конференција на Европската Асоцијација на Зоолошки Градини и Аквариуми (ЕАЗА) што се одржа во Инсбрук, Австрија во периодот помеѓу 26.09.2012 и 28.09.2012 година. За време на Конференцијата беа следени презентациите на сите кандидати за полноправно членство во ЕАЗА во кои беа опфатени активностите кои тие ги превземаат за да ги достигнат важечките стандарди за чување на животни во заробеништво на територијата на Европската Унија. Учеството на Конференцијата беше искористено за институционално запознавање, воспоставување на нови контакти и вмрежување. Учеството на Конференцијата беше на покана на организаторот на Конференцијата – ЕАЗА.

### 5.4.4 Отворени Денови на Градови и региони

Во периодот од 08.10.2012 до 11.10.2012 година, претставник на ЦРППР учествуваше на Отворени Денови на градови и региони што се одржа во Брисел, Белгија. Целта на посетата на Отворените Денови беше да се добијат подетални информации за наредниот планирачки период на развојната помош на Европската

Унија, конкретно ИПА Инструментот и ЛЕАДЕР Пристапот. За време на посетата беа остварени средби и контакти со претставници на релевантни институции од администрацијата на Европската Унија како и повеќе средби со организации кои претставуваат потенцијални партнери за заедничко дејствување во иднина. Учеството на Отворените Денови беше заеднички организирано со Програмата за регионален економски развој на ГИЗ во Македонија.

**5.4.5 Седница на Комисија за меѓуопштинска соработка**

Вработен во ЦРППР учествуваше на Седница на Комисијата за меѓуопштинска соработка при МЛС во периодот од 24.11.2012 до 27.11.2012 во Охрид. На Седницата на Комисијата беа разговарани теми од обласа на подобрување на енергетската ефикасност во општините во Република Македонија. За време на Седницата беа презентирани позитивни практики кои во тековната година биле превземени од страна на одредени ЕЛС а кои се во насока на подобрување на енергетската ефикасност на локално ниво.

**5.4.6 Техничка Работна Група на НСРРР**

На покана на Кабинетот на Заменик-Претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања и Претседател на Национален Совет за рамномерен регионален развој на РМ, г-дин Владимир Пешевски, еден вработен во ЦРППР учествуваше на конститутивниот состанок на техничката работна група (ТРГ) за поддршка на работата на Националниот Совет за рамномерен регионален развој на РМ. Состанокот се одржа во Скопје на 08.01.2013 година. За време на конститутивниот состанок беше одреден составот на работната група и беше усвоен нејзиниот деловник за работа. Согласно истиот, во ТРГ учествуваат претставник на Кабинетот на Заменик – Претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, претставници на Министерството за локална самоуправа и Бирото за рамномерен регионален развој, државни секретари од Министерствата кои го сочинуваат Националниот Совет за рамномерен регионален развој на РМ како и претставници на Центрите за развој на осумте плански региони. Главната цел на работната група ќе биде да ја помага работата на Националниот Совет за рамномерен регионален развој на РМ. Според договореното на конститутивниот состанок, вториот состанок на ТРГ треба да се одржи во месец февруари 2013 година.

### 5.4.7 Соработка GIZ RED и SDC

Почнувајќи од јануари 2013 година, ЦРППР учествува во Системот на грантови базирани на резултати (Performance Based Grant System) кој ќе се имплементира од страна на Програмата за регионален економски развој на ГИЗ во Македонија и Швајцарската Агенција за соработка и развој при Швајцарската Амбасада во РМ. Целта на оваа соработка е да се зајакнат капацитетите за планирање и приоретизација на планскиот регион но и соодветно да се одговори на дел од стратешки одредените регионални приоритети. Соработката предвидува квалитативна, квантитативна и транспарентна процедура и истата се очекува да трае до крајот на 2014 година.

### 5.4.8 Државен завод за ревизија

Следејќи ја годишната програма за работа, во ноември 2012 година, Државниот Завод за ревизија на РМ изврши ревизија на работењето на Центрите за развој на осумте плански региони во РМ. Во Пелагонискиот плански регион беше извршена ревизија на дел од реализираните активности на ЦРППР во текот на 2010 и 2011 година. Целта на ревизијата беше да се утврди начинот на реализација на Програмата за развој на регионот преку имплементацијата на проектот "Институционална надградба и поддршка на бизнис активностите во Пелагонсикиот регион" кој ЦРППР го имплементираше со средства доделени од Програмата за регионален развој на РМ за 2009 година. По извршената ревизија, во просториите на ДЗР се одржа презентација на наодите и заклучоците од извршената ревизија, на која беше констатитрано дека работењето на Центрите за развој на Планските региони, вклучително и ЦРППР, е во целост исправно, транспарентно и согласно важечките процедури. Ова особено се однесува на Договорите за реализација на проекти потпишани помеѓу Центрите за развој на планските региони и Бирото за рамномерен развој на РМ и  спроведувањето на јавните набавки. За време на презентацијата беа истакнати и слабостите и недостатоците на самиот систем за регионален развој на РМ. Сеопфатен извештај за извршената ревизија ќе биде доставен до сите заинтересирани страни во текот на месец февруари/март 2013 година, откатко истиот ќе биде проследен и искомуницирaн со Заменикот-Претседател на Владата на РМ задолжен за економски прашања и Престедател на Совет за регионален развој на РМ, г-дин Владимир Пешевски.

### 5.4.9 Заеднички Комитети за Мониторинг на Програми (ЗКМ)

Во текот на 2012 година, ЦРППР учествуваше на следните Состаноци на Заедничките Комитети за Мониторинг на прекуграничните програми:

1. ЗКМ на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија одржан во Струга, Република Македонија на 10 Септември 2012. Дневниот ред на состанокот беше следен:

- Отварање на состанокот
- Претставување и усвојување на Агендата
- Претставување на учесниците
- Цел на состанокот
- Усвојување на агендата на состанокот
- Секретаријат
- Одобрување на конечниот извештај за евалуација на апликациите доставени на третиот повик за предлог проекти.
- Информации за мониторинг посетите од вториот повик за предлог проекти
- Други прашања

2. ЗКМ на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Албанија одржан во Поградец на 19.12.2012 година.
За време на состанокот членовите на ЗКМ работеа по следниот дневен ред:

- Поздравни обраќања;
- Разгледување и прифаќање на Агендата на состанокот;
- Одобрување на финалниот ревидиран Извештај за поднесените апликации на третиот повик за поднесување на проекти во рамките на Програмата за ПГС;
- Статус на Програмата за ПГС;
- Одобрување на Стратегијата за мониторинг;
- Информација за извршени мониторинг посети;
- Статус на Заеднички Секретаријат на Програмата за ПГС;
- Разно;

3. ЗКМ на Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција одржан во Солун на 20.12.2012 година.
За време на состанокот, членовите работеа по следниот дневен ред:

- Отворање на состанокот;
- Одобрување на Агендата за работа;
- Презентација на моменталната состојба на Програмата за ПГС;
- Презентација на вториот повик за поднесување на проекти;
- Ревизија на Програмата-Ревизија на Техничката Помош на Програмата;
- Презентација на Финален Извештај за напредок на проект;
- Презентација на апликацискиот пакет за третиот повик за поднесување на проекти;
- Публицитет и информации за Програмата;
- Публицитет и информации за Програмата за грчките партнери;
- Разно;
- Финална дискусија и заклучоци;

### 5.4.10 Подготовка на годишни извештаи

Во втората половина од месец декември активностите на тимот на ЦРППР беа насочени кон подготовка на завршната сметка на ЦРППР за 2012 година, годишниот извештај за финансиското работење на ЦРППР, годишниот извештај за 2012 година, извештајот за спроведувањето на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион.

## 6. ЧЛЕНСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

### СЕР – Собрание на Европски Региони (AER – Assembly of European regions)

Центарот за развој на Пелагонискиот регион и во текот на 2012 година го продолжи членството во Собранието на Европски Региони иако обврската за годишна членарина за тековната 2012 година не беше регулирана.

Градоначалникот на општина Битола г-дин Владимир Талески воедно и Претседател на Советот за развој на Пелагонискиот плански регион со одлука на Генералното собрание на АЕР е член на Бирото на АЕР, кое претставува оперативно тело помеѓу две Генерални собранија.

Асамблејата на Европските региони (АЕР) е формирана во 1985 година, АЕР е најголемата независна мрежа на региони во Европа која обединува преку 270 региони од 33 земји со специфична мисија:

- да ги промовира принципите на еднаквост и регионална деморкатија;

- да го зголеми политичкото влијание на регионите во рамки на институциите на Европската Унија;
- да ги поддржи регионите во процесот на европска интеграција и глобализација;
- да ја зајакне интеррегионалната соработка во Европа и пошироко.

Членството во оваа Асамблеја е особено важно во насока на меѓународна промоција на Пелагонискиот плански регион, регионално поврзување со други региони во Европа како и аплицирање со заеднички проекти до Европскиот фонд за регионален разој (European Fund for Regional Development – ERDF) и други фондови на Европската Унија.

## 7. ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА

Во текот на 2012 година, ЦРППР потпиша меморандуми за соработка со следните институции / организации:

1. Карана Корпорација - Проект за експанзија на мали бизниси
2. Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

**М-р Владимир Талески**

______________________________

**Претседател на Совет за развој на Пелагониски плански регион**